| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како го мериме времето |
| **Содржина на денот** | Марко и неговите пријатели |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Правилна употреба на играчките и одржување хигиена на истите. |
| **Активности** | Сликовница- Марко и неговите пријатели.<br>Се разгледува сликовницата, а возрасниот покажува и објаснува по сликите - домот на Марко, поточно во неговата детска соба каде се играчките. Возрасниот го раскажува текстот од сликовницата и по сликите покажува како Марко се однесувал со своите играчки, со своите предмети и гардеробата во домот. Објаснува како се неуредни и нечисти, му дава насока на детето дека таквата постапка не е исправна. Детето се обидува да запомни она што го слушнало од возрасниот и заедно со него ја прераскажуваат сликовницата по сликите, каде подоцна ги подредуваат играчките и предметите во домот.<br>Игра-Во мојот дом.<br>Возрасниот го мотивира детето заедно со него да ги измијат валканите играчки кои се во домот, да ја подредат детската соба,а предметите во неа и играчките да бидат и да стојат на одредено место. |